# УПАТСТВО ВО ПАКУВАЊЕТО: ИНФОРМАЦИИ ЗА КОРИСНИКОТ
# CINEDIL® / ЦИНЕДИЛ® 75 mg таблети
***cinnarizine***

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го упатството.**

- Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот доктор или фармацевт.
- Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако некоја од несаканите појави стане сериозна или ако забележите несакана појава која не е наведена во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот доктор или фармацевт.

**Упатството содржи:**

1. Што претставува Цинедил и за што се употребува
2. Што мора да знаете пред да употребите Цинедил
3. Како да се употребува Цинедил
4. Можни несакани дејства
5. Како да се чува Цинедил
6. Дополнителни информации

## 1. ШТО ПРЕТСТАВУВА ЦИНЕДИЛ И ЗА ШТО СЕ УПОТРЕБУВА

Цинедил е пиперизински дериват, антагонист на хистаминските $H_1$-рецептори и на калциумовите канали. Цинаризинот ја инхибира контракцијата на мазните васкуларни мускулни клетки, блокирајќи го калциумовиот канал. Цинаризинот ја инхибира стимулацијата на вестибуларниот систем.

Цинедил се користи за:
- терапија на кохлеарни и на вестибуларни нарушувања (зуење во ушите, вртоглавица, Menier-ова болест);
- терапија на иритации и на циркулаторни нарушувања на лабиринтот;
- подобрување на симптомите на церебралните и на периферните васкуларни нарушувања (дијабетична васкуларна болест, интермитентна клаудикација, Reynaud-ов синдром).

## 2. ШТО МОРА ДА ЗНАЕТЕ ПРЕД ДА УПОТРЕБИТЕ ЦИНЕДИЛ

**Немојте да употребувате Цинедил ако**:
- сте алергични (пречувствителни) на цинедил (цинаризин) или на која било од помошните состојки на лекот;
- неодамна сте имале миокарден инфаркт;
- имате екстрапирамидални симптоми.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

**Бидете особено претпазливи со Цинедил ако:**
- имате Паркинсонова болест;
- имате низок крвен притисок;
- страдате од болест на црниот дроб или на бубрезите;
- имате ретка наследна болест на крвта (порфирија).

Кај постарите пациенти цинаризинот може да ја зголеми склоноста кон хипотермија, а, исто така, може да се појават и екстрапирамидални симптоми.

**Употреба на други лекови**
*Ве молиме да го известите Вашиот доктор или фармацевт ако земате или ако неодамна сте земале други лекови, вклучувајќи и лекови што се земаат без рецепт.*
Истовремената употреба на цинаризин со алкохол, седативи или со трициклични антидепресиви (за лекување депресија) може да го зголеми седативниот ефект.
Бидејќи цинаризинот може да предизвика паркинсонизам, не смее да се дава истовремено со други лекови кои можат да ги имаат истите несакани ефекти: неуролептици, метоклопрамид, резерпин и метилдопа.
Цинаризинот дејствува синергички во комбинација со домперидон (антиеметик, против гадење и повраќање).
Цинаризинот може да дејствува синергички во комбинација со вазодилататори и со други антихипертензиви (лекови кои го намалуваат крвниот притисок).

**Кожни рекации**
Овој лек може да ја намали Вашата рекација на кожните тестови за алергија. Доколку сте земале таблети цинедил 4 дена пред да го направите тестот, советувајте се со Вашиот доктор.

**Земање Цинедил со храна и со пијалак**
Овој лек е најдобро да се зема по оброк.
Не консумирајте алкохол кога сте на терапија со Цинедил.

**Бременост и доење**
*Побарајте совет од Вашиот доктор или од фармацевт пред земање каков било лек.*
Не земајте Цинедил доколку сте бремена, мислите дека сте бремена или доколку планирате да забремените. Не земајте Цинедил ако доите. Прашајте го Вашиот доктор за совет.

**Возење и ракување со машини**
Употребата на Цинедил, особено во почетокот на лекувањето, може да предизвика сомноленција и забавени рефлекси, што би довело до намалено внимание кај лицата кои возат или ракуваат со машини.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

## 3. КАКО ДА СЕ УПОТРЕБУВА ЦИНЕДИЛ

*Секогаш земајте Цинедил точно онака како што Ви препишал докторот. Ако не сте сигурни за нешто, консултирајте се со својот доктор или со фармацевт.*

**Вообичаена доза е:**
Кај пациенти со кохлеарни и со вестибуларни нарушувања и со нарушувања на лабиринтот:

- **75 mg, еднаш до двапати дневно.**

При нарушувања на периферната циркулација:

- **75 mg, трипати дневно**.

При нарушувања на церебралната циркулација:

- **75 mg, еднаш до трипати дневно.**

Вообичаена доза за сите индикации е **75 mg еднаш дневно**. Максимална доза кај возрасни е **225 mg (три таблети дневно).**

**Ако сте зеле поголема доза Цинедил отколку што треба**
Во случај на предозирање може да се појави повраќање, сонливост, хипотонија, некоординирани движења, дури и кома.
Не постои специфичен антидот против труење со цинаризин. Терапијата е симптоматска (промивање на желудникот, примена на медицински јаглен и др.).

**Ако сте заборавиле да земете Цинедил**
Ако сте заборавиле да земете Цинедил, не ја земајте пропуштената доза туку земете ја следната доза во предвиденото време. Не земајте двојна доза за да ја надоместите пропуштената.

*Ако имате дополнителни прашања за употребата на овој лек, обратете се кај Вашиот доктор или кај фармацевт.*

## 4. МОЖНИ НЕСАКАНИ ДЕЈСТВА

*Како и сите други лекови и Цинедил може да предизвика несакани дејства, кои не се појавуваат кај сите пациенти.*

<u>*Чести несакани ефекти*</u> *(се појавуваат кај помалку од 1 на 10 пациенти, но кај повеќе од 1 на 100 пациенти):*
- сонливост, мачнина, лошо варење (индигестија), зголемување на телесната тежина.

<u>*Не многу чести несакани ефекти*</u> *(се појавуваат кај помалку од 1 на 100 пациенти):*

- умор, болка или непријатност во стомакот, гадење, исип, зголемено потење.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО СКОПЈЕ

*Други несакани ефекти (со непозната фреквенција):*

- невообичаено движење, вклучувајќи тресење на рацете и на прстите, тромаво движење (тешки нозе) и мускулна вкочанетост;
- жолтило на кожата или на белките на очите (жолтица).

Други несакани ефекти кои може да се појаваат при употреба на овој лек вклучуваат алергиски реакции, главоболка и сува уста.

*Ако кој било од несаканите ефекти станува сериозен или ако забележите несакан ефект кој не е наведен во ова упатство, Ве молиме за тоа да го известите Вашиот доктор или фармацевт.*

## 5. КАКО ДА СЕ ЧУВА ЦИНЕДИЛ

Лекот не бара посебни услови на чување.
Лекот да се чува на места недостапни за децата!
Не го употребувајте лекот Цинедил по датумот на истекот на рокот на употреба, наведен на пакувањето. Датумот на истекот на рокот на употреба се однесува на последниот ден од тој месец.
Лековите не треба да се исфрлаат во отпадна вода ниту во смет од домаќинството. Прашајте го Вашиот фармацевт како да ги отстраните лековите кои повеќе не Ви се потребни. Овие мерки ќе помогнат да се заштити околината.

## 6. ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

**Што содржи Цинедил**
*Активна супстанција*
Една таблета содржи 75 mg цинаризин.
*Помошни состојки*: калциум хидроген фосфат дихидрат; целулоза, микрокристална; колоиден силициум диоксид, безводен; натриум лаурил сулфат; магнезиум стеарат.

**Изглед на лекот Цинедил и содржина на пакувањето**
Таблетите Цинедил се бели, тркалезни, биконвексни таблети со разделна линија на едната страна.
45 таблети во блистер-пакување од транспарентна PVC/Al фолија. Секој блистер содржи 15 таблети. Кутијата содржи 45 таблети (3 блистери) и упатство за употреба.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р).

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
СКОПЈЕ

**Производител и носител на одобрението за ставање на лекот во промет**
АЛКАЛОИД АД – Скопје
бул. Александар Македонски 12
1000 Скопје, Република Македонија
тел.: +389 2 31 04 000
fax: +389 2 31 04 021
www.alkaloid.com.mk

**Датум на последната ревизија на упатството**
Јануари 2014 г.



